# СТУДИСКА ПОСЕТА НА ВИЛНУС, ЛИТВАНИЈА, МАЈ 2016 ГОДИНА

Претставници од Ревизорското тело на Република Македонија, Главниот ревизор за ИПА и Помошникот на Главниот ревизор за ИПА – раководител на Сектор за ревизија на програми финансирани од ИПА за реформа и развој на институциите, заедно со претставници од Управата за финансиско разузнавање, Јавно обвинителство на РМ, Министерство за внатрешни работи, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерство за финансии – НФ и ЦФЦД, беа дел од студиската група која ја посети Литванија во рамки на Твининг проектот – Натамошна поддршка во ефикасна превенција и борба против измами и нерегуларности кај ЕУ фондови, организирана од Управата за финансиска полиција, како твининг партнер од земјата корисник во соработка со твининг партнерот од земја членка на ЕУ - Централната агенција за управување со проекти од Република Литванија.

При студиската посета беа посетени институции кои се вклучени во системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ во Република Литванија: Централна агенција за управување со проекти, Министерство за финансии, Канцеларијата на јавниот обвинител, Специјалната служба за истраги и Службата за истрага на финансиски криминал при Министерството за внатрешни работи, како и проекти во Klaipeda, Nida и Kaunas, финансирани со средства од ЕУ фондови, со чии претставници се разменија искуства од работењето во соодветните области.